РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-2233/1
12.02.2021 г./v.

Врз основа на член 17 став 1 точка 29 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Службен весник на РМ 12/19) и член 38 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупција, Државната комисија за спречување на корупција на седницата одржана на 12.02 2021 година, донесе

**УПАТСТВО**

**ЗА РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ОСНОВ НА ДОСТАВЕНИ ПРИЈАВИ**

Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот на рангирање на предметите доставени до Државната комисија за спречување на корупција (во натамошниот текст ДКСК) и начинот на постапување по истите.

Член 2

Рангирањето на предмети го вршат членот на ДКСК и административниот службеник од Секретаријатот кај кои предметот е распореден за работа согласно принципот за распределба на предмети дефиниран со член 36 од Деловникот за работа на ДКСК.

Член 3

Рангирањето на предметите од областа на корупцијата, судир на интереси и проверка на имотна состојба се врши врз основа на дефинираните елементи и бодови во Обрасците 1, 2 и 3 кои се составен дел на ова Упатство.

Член 4

За предметите од областа на корупцијата

- што добиле помалку или 25 бодови, ДКСК нема да преземе дејствија за натамошно постапување;
- што добиле меѓу 26 и 50 бодови, за начинот на натамошно не/постапување одлучуваат членот на ДКСК и административниот службеник од Секретаријатот кај кои предметот е распореден за работа;
- што добиле над 50 бодови задолжително се постапува во најкраток рок.

Образецот од извршеното рангирање е составен дел на предметот.

Член 5

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За пријавите од областа на судирот на интереси

- што добиле помалку или 30 бодови, ДКСК нема да отвори предмети;
- што добиле меѓу 31 - 50 бодови, за начинот на натамошно не/постапување одлучуваат членот на ДКСК и административниот службеник од Секретаријатот кај кои предметот е распореден за работа;
- што добиле над 50 бодови задолжително се отвора предмет и по него се постапува во најкраток рок.

Образецот од извршеното рангирање е составен дел на предметот.

Член 6

За пријавите од областа на проверка на имотна состојба

- што добиле помалку или 15 бодови, ДКСК нема да отвори предмети;
- што добиле меѓу 16 и 25 бодови, за начинот на натамошно не/постапување одлучуваат членот на ДКСК и административниот службеник од Секретаријатот кај кои предметот е распореден за работа;
- што добиле над 25 бодови задолжително се отвора предмет и по него се постапува во најкраток рок.

Образецот од извршеното рангирање е составен дел на предметот.

Член 7

Кон предметите од член 4 став 1 алинеја 2, член 5 став 1 алинеја 2 и член 6 став 1 алинеја 2 за кои ќе се одлучи дека ДКСК нема да преземе дејствија за натамошно постапување, се изготвува службена белешка со образложение за причините за непостапување.

Белешката е составен дел на предметот.

Член 8

За пријавите од член 4 став 1 алинеја 1, член 5 став 1 алинеја 1, член 6 став 1 алинеја 1 и член 7 од ова Упатство, ДКСК на седница ќе донесе одлуки за отфрлање на пријавите поради непостоење ризици од загрозување на јавниот интерес при постапување на службените лица во вршењето на јавните овластувања и службена должност (член 38 од Деловникот на ДКСК).

Член 9

Ова Упатство ќе започне да се применува од денот на негово донесување, а ќе се однесува и на пријавите доставени до ДКСК од 01.01.2020.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

| ОБРАЗЕЦ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА | | | | | 1 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р .број** | **Елементи** | | **Опис** | **Бодирање** | **Доделени бодови** |
| **Пријава број** | | | | | |
| 1 | Пријавата е | **По сопствена иницијатива** | | **70** | |
| 2 | | Анонимна и без податоци | Ако се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности | 1 | |
| | | | Наводите се однесуваат на повреда на општ/поголем јавен интерес поради можност од законски слабости | 8 | |
| | | Има доволно податоци | Наводите се однесуваат на повреда на индивидуално право | 5 | |
| | | од Институција | Пријава од страна на институција се зема како приоритет | 10 | |
| 4 | Со пријавата се опфатени | Едно лице | | 5 | |
| | | Повеќе лица | | 10 | |
| 5 | Пријавата се однесува на постапување на | Пратеници | | 10 | |
| | | Министри | | 10 | |
| | | Директори АД/ЈП/институции | | 10 | |
| | | Членови на УО/НО | | 6 | |
| | | Судии/Обвинители | | 8 | |
| | | Судски и обвинителски тела | | 6 | |
| | | Други избрани/именувани лица | | 8 | |
| | | Раководни службеници А, Б1 и Б2 категорија на централно ниво | | 5 | |
| | | Инспектори | | 8 | |
| | | Градоначалници | | 9 | |
| | | Советници во ЕЛС | | 7 | |
| | | Инспектори/службени лица во ЕЛС | | 8 | |
| | | Раководни службеници А, Б1 и Б2 категорија на локално ниво | | 5 | |
| | | Останати службени лица | | 4 | |
| | | Не е службено лице | | 1 | |
| 6 | Во пријавата е опфатен период | Актуелен мандат на пријавеното лице | | 10 | |
| | | До три години по прекин на мандат на пријавеното лице | | 5 | |
| | | Над три години по прекин на мандат на пријавеното лице | | 1 | |
| 7 | Дејствијата наведени во пријавата се дејствија кои | Не се сретнуваат често во работењето на институциите | | 1 | |
| | | Повремено се сретнуваат во работењето на институциите | | 5 | |
| | | Често се сретнуваат во работењето на институциите | | 10 | |
| 8 | Наводите во пријавата предизвикуваат финансиски импликации | Нема финансиски импликации | | 1 | |
| | | Само на пријавителот | | 3 | |
| | | Само на институцијата | | 5 | |
| | | На Буџетот на РСМ | | 10 | |
| | | Други импликации | | 8 | |
| 9 | Степен на Ризик | Висок, Среден, Низок | | В -10, С -5, Н -1 | |
| **Вкупно поени** | | | | | **0** |
| | | | **Се затвораат по службена должност** | | **Помалку од, или 25** |
| | | | **Одлука на член/советник за отворање на постапка** | | **Од 26 -50** |
| | | | **Задолжително отворање постапка** | | **Над 50** |
| | Име и презиме | потпис | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| ОБРАЗЕЦ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | | | | | 2 |
|---|---|---|---|---|---|
| Р. број | Елементи | | Опис | Бодирање | Доделени бодови |
| Пријава број | | | | | |
| 1 | Пријавата е | Барање на мислење | | 70 | |
| | | Анонимна и без податоци | Ако се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности | 1 | |
| | | Има доволно податоци | Наводите се однесуваат на повреда на општ/поголем јавен интерес поради можност од законски слабости | 10 | |
| | | | Наводите се однесуваат на повреда на повреда на индивидуално право | 5 | |
| | | од Институција | Пријава од страна на институција се зема како приоритет | 10 | |
| 2 | Со пријавата се опфатени | Едно лице | | 5 | |
| | | Повеќе лица | | 10 | |
| 3 | Пријавата се однесува на постапување на | Пратеници | | 10 | |
| | | Министри | | 10 | |
| | | Директори АД/ЈП/институции | | 10 | |
| | | Членови на УО/НО | | 6 | |
| | | Судии/Обвинители | | 8 | |
| | | Судски и обвинителски тела | | 6 | |
| | | Други избрани/именувани лица | | 8 | |
| | | Раководни службеници А, Б1 и Б2 категорија на централно ниво | | 5 | |
| | | Инспектори | | 8 | |
| | | Градоначалници | | 9 | |
| | | Советници во ЕЛС | | 7 | |
| | | Инспектори/службени лица во ЕЛС | | 8 | |
| | | Раководни службеници А, Б1 и Б2 категорија на локално ниво | | 5 | |
| | | Останати службени лица | | 4 | |
| | | Не е службено лице | | 1 | |
| 4 | Во пријавата е опфатен период | Актуелен мандат на пријавеното лице | | 10 | |
| | | До три години по прекин на мандат на пријавеното лице | | 5 | |
| | | Над три години по прекин на мандат на пријавеното лице | | 1 | |
| 5 | Наведените дејствија во пријавата | Не се сретнуваат често во работењето на институциите | | 1 | |
| | | Повремено се сретнуваат во работењето на институциите | | 5 | |
| | | Често се сретнуваат во работењето на институциите | | 10 | |
| 6 | Пријавата е поднесена поради судир на интереси при: | Забрана за вршење други дејности (чл 44) | | 10 | |
| | | Ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата (чл 45) | | 10 | |
| | | Ограничување за вршење дејност по престанок на функција (чл 47) | | 10 | |
| | | Членство во УО и НО (чл 49) | | 10 | |
| | | Забрана за влијание за вработување блиски роднини (чл 56) | | 10 | |
| | | Злоупотреба на дискрециони овластувања (Член 63 ) | | 10 | |
| | | Постапување во случај на постоење судир на интереси (чл 72 и 74) | | 10 | |
| | | Непријавување/ прикривање на состојба на судир на интереси (чл 73) | | 10 | |
| | | Изземање (чл 75) | | 10 | |
| 7 | Степен на Ризик | Висок, Среден, Низок | | Висок-10,<br>Среден-5,<br>Низок-1 | |
| Вкупно поени | | | | | 0 |
| | | | Се затвораат по службена должност | Помалку од 30 | |
| | | | Одлука на член/советник за отворање на постапка | Од 31 -50 | |
| | | | Задолжително отворање постапка | Над 50 | |
| | Име и презиме | потпис | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| ОБРАЗЕЦ ЗА РАНГИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОВЕРКА НА ИМОТНА СОСТОЈБА | | | | | 3 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р. број** | **Елементи** | | **Опис** | **Бодирање** | **Доделени бодови** |
| **Пријава број** | | | | | |
| 1 | Пријавата е | Анонимна и без податоци | Ако се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности | 1 | |
| | | Наводите се однесуваат на непријавен имот | | 10 | |
| | | Наводите се однесуваат на непријавени интереси | | 10 | |
| | | од Институција | Пријава од страна на институција се зема како приоритет | 10 | |
| 2 | Пријавата се однесува на | Претседател на РСМ, Влада, Собрание, пратеници, министри, нивни заменици, градоначалници | | 10 | |
| | | Именувано лице од претседател на РСМ, Влада, Собрание (директори, заменици, избрани лица во колективни тела) | | 10 | |
| | | Членови на УО/НО во АД и ЈП во државна сопственост | | 9 | |
| | | Членови во Судски/Обвинителски тела | | 8 | |
| | | Судии/Обвинители | | 8 | |
| | | Советници во ЕЛС | | 6 | |
| | | Членови на УО/НО во ЈП формирани од ЕЛС | | 6 | |
| | | Административен службеник од категорија А | | 7 | |
| | | Лице вработено во кабинетите како посебен советник | | 9 | |
| | | Други службени лица (инспекциски служби) | | 7 | |
| | | Нотар, извршител | | 8 | |
| 3 | Во пријавата е опфатен период | Актуелен мандат на пријавеното лице | | 10 | |
| | | Не е повеќе избрано/службено лице | | 1 | |
| 4 | Степен на Ризик | Висок, Среден, Низок | | Висок-10, Среден-5, Низок-1 | |
| **Вкупно поени** | | | | | **0** |
| | | | **Се затвораат по службена должност** | **Помалку од 15** | |
| | | | **Одлука на член/советник за отворање на постапка** | **Од 16-25** | |
| | | | **Задолжително отворање постапка** | **Над 25** | |
| | **Име и презиме** | **потпис** | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |